# СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ

**Известување до акционерите на Стопанска банка АД - Скопје**

**и нивните претставници во однос на заштитата на приватноста и**

**личните податоци**

**Скопје, мај 2026 година**

# Известување до акционерите на Стопанска банка АД – Скопје и нивните претставници во однос на заштитата на приватноста и личните податоци

Согласно најдобрите корпоративни практики, а поврзано со Законот за заштита на лични податоци, особено со начелото на отчетност, Стопанска банка АД – Скопје (во понатемошен текст: „СБ“ и/или „Банката“) го објавува ова Известување до акционерите на СБ и нивните претставници во однос на заштитата на приватноста и личните податоци.

Известувањето има за цел да обезбеди преглед и основна информација за начинот на собирање, обработка и чување на личните податоци на акционерите и нивните претставници од страна на СБ.

За било какви прашања поврзани со заштита на лични податоци на акционерите на СБ, слободно обратете се на Офицерот за заштита на лични податоци на следниот меил: privacy@stb.com.mk.

## Кои лични податоци на акционерите и нивните претставници се обработуваат од страна на Банката?

Согласно Законот за трговските друштва, акциите на акционерските друштва се запишуваат во книга на акции на друштвото која се води во Централниот депозитар на хартии од вредност. Акционер на Стопанска банка се смета секое лице запишано во акционерската книга на начин определен со закон.

Банката обработува лични податоци на акционери од акционерска книга, како што следува:

- Име и презиме на акционерот,
- Единствен матичен број на граѓанинот,
- Државјанство,
- Број на пасош односно број на лична карта,
- Адреса и место на живеење,
- Број на сметка, и
- Број на акции.

Дополнително, Банката може да обработува други лични податоци на акционерите, како што е своерачниот потпис (за потврда на присуство на на седница на Собранието на акционери).

Банката ги собира горенаведените податоци на два начини:

- На барање на Банката, Централниот депозитар за хартии од вредност ја известува Банката за промените извршени во акционерската книга, односно издава копија од акционерската книга, и/или
- Директно од акционерите.

**Посебни категории на лични податоци**

Согласно Законот за заштита на лични податоци, посебни категории на лични податоци се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице. Во суштина, станува збор за сет на особено сензитивни лични податоци.

Банката НЕ обработува посебни категории на лични податоци на акционери и нивни претставници.

## ЗОШТО И КАКО БАНКАТА ГИ ОБРАБОТУВА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА АКЦИОНЕРИТЕ?

Личните податоци на акционерите се водат во збирка на лични податоци на акционери на Стопанска банка АД – Скопје и истите се обработуваат во согласност со Законот за заштита на лични податоци и важечкото законодавство за работењето на Банката (Закон за трговски друштва, Закон за банки, итн.).

Основна цел на обработката на личните податоци на акционерите (и нивните претставници) е исполнување на законските обврски на Банката (примарно поврзани со член 385-407 од Законот за трговски друштва) односно за подготовка, оддржување и пост-процесирање на активности поврзани со Собранието на акционери на Банката. Поконкретно, личните податоци на акционерите и нивните претставници се користат за следново:

- Верификација и идентификација на акционер и/или негов претставник на седница на Собрание на акционери,
- Подготовка на Список на присутни акционери на седница на Собрание на акционери,
- За исполнување на обврски поврзани со објава на податоци за акционерската структура на Банката,
- За заштита на легитимните интереси на Банката,
- За одговорање на барања на надлежни регулаторни тела,
- По потреба, за контактирање / информирање / комуникација со акционерите.

Пристап до овие лични податоци имаат само овластени лица на Банката на т.н. *треба-да-знае* основ односно строго поради извршување на нивните работни обврски а поврзани со целита на обработката на личните податоци.

Банката ги следи сите начела за обработка на личните податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, односно личните податоци се:

- Обработуваат согласно со закон, во доволна мера и на транспарентен начин во однос на акционерите,
- Собираат за конкретни, јасни и легитимни цели и не се обработуваат на начин што не е во согласност со тие цели,
- Соодветни, релевантни и ограничени на она што е неопходно во однос на целите заради кои се обработуваат („минимален обем на податоци“),
- Точни, и каде што е потребно, ажурирани, при што се преземаат сите соодветни мерки за навремено бришење или коригирање на податоците што се неточни или нецелосни,
- Чуваат не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат личните податоци,
- Обработуваат на безбеден начин кој гарантира заштита од неовластена или незаконска обработка, како и нивно случајно губење, уништување или оштетување, со примена на соодветни технички или организациски мерки.

## ДАЛИ БАНКАТА ГИ ДОСТАВУВА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ НА АКЦИОНЕРИТЕ НА ДРУГИ КОРИСНИЦИ ИЛИ ТРЕТИ ЛИЦА?[1]

Почитувајќи ја законската регулатива, односно исполнувајќи законски обврски, Банката може да ги сподели личните податоци на акционерите на други корисници, како што се: Народна банка на Република Северна Македонија, Комисија за хартии од вредност, надлежни судови и сл.

Дополнително, Банката може да ги сподели личните податоци на акционерите на трети лица односно акционерската книга и/или Списокот на акционери на надворешните ревизори или избраните Претседавач и/или Нотар на седниците на Собранието на акционери, како и компании кои вршат курирски услуги доколку има потреба за одредена достава до акционерите.

Исто, доколку акционер или негов претставник земе збор / учество на седница на Собрание на акционери истиот може да биде заведен во Записникот од седницата на Собранието на акционери која јавно се објавува. По негово барање, во Записникот акционерот се заведува со неговите лични податоци, односно Банката by default ги анонимизира личните податоци во Записниците од седниците на Собранието на акционери.

[1] Согласно член 4, став 1, **корисник** е „физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не...“, додека пак **трето лице** се смета „ секое физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое не е субјект на лични податоци, контролор, обработувач или лице, кое под директно овластување на контролорот или обработувачот е овластено да ги обработува податоците“

Ваквите лични податоци се чуваат локално, во електронските и печатените архиви на Банката и истите не се пренесуваат надвор од земјата.

## Колку долго се чуваат личните податоци на акционерите?

Личните податоци на акционерите и нивните претставници се чуваат не подолго од она што е потребно за целите поради кои се обработуваат личните податоци.

Генерално, документацијата поврзана со Собранието на акционери како највисоко тело на Банката се чува трајно.

Генерално, личните податоци се бришат кога повеќе не ни се потребни за целите споменати погоре, или во случај од Банката да не е побарано да се задржат истите подолго време врз основа на статутарните обврски за обезбедување документиран доказ или задржан запис.

## Кои се правата на субјектите на лични податоци?

Согласно Законот за заштита на лични податоци (глава III), акционерите и нивните претставници, како субјекти на лични податоци, ги имаат следните права поврзани со заштита на личните податоци:

- Право на информираност и пристап до лични податоци – акционерите имаат право да добијат потврда од СБ дали се обработуваат нивни лични податоци и информации пропишани со Законот за заштита на лични податоци (видете член 19),
- Право на исправка на неточни лични податоци (видете член 20),
- Право на бришење на личните податоци доколку се исполнети условите од член 21 од Законот за заштита на лични податоци, односно личните податоци не се потребни за целите за кои биле собрани,
- Право на ограничување на обработката на лични податоци, доколку се исполнети предусловите од член 22 од Законот за заштита на лични податоци,
- Право на преносливост на податоците кои акционерите ги имаат дадено на Банката, а согласно член 24 од Законот за заштита на лични податоци.

Повеќе за постапката за остварување на правата на субјектите на личните податоци прочитајте на линкот: https://www.stb.com.mk/naselenie/zashtita-na-licni-podatoci/.

## Измени во однос на последното Известување до акционерите за заштита на личните податоци и приватноста од мај 2025 година?

Не, нема измени во однос на последното Известување до акционерите за заштита на личните податоци и приватноста објавено од Банката во мај 2025 година година.

За подетални информации за обработката на личните податоци во Стопанска банка АД – Скопје можете да прочитате повеќе во Политиката на приватност објавена на следниот линк: https://www.stb.com.mk/za-bankata/politika-za-privatnost-i-postavuvanje-na-kolacinja/.